21. Правила со кои се уредува пишувањето на писмени испити, задачи, есеи, семинарски работи, проекти, дипломска работа, магистерски труд и други активности кои се изведуваат писмено кои опфаќаат најмалку содржина, обем, начин на пишување и други релевантни барања.

За уредување на писмени испити, задачи, есеи, семинарски работи, проекти, магистерски труд и други активности потребно е кандидатот да има изготвен материјал со минимум 25 страници, со проред 1, фонт 12, А4 формат. За користена литература за изготвениот материјал првенствено кандидатот треба да користи научна литература од меѓународни спасанија и во материјалот да има наведено и цитирано минимум 20 референци.

22. Информација за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма[5]

Табела 21. Вредноста на финансиската гаранција

Вредност на приложената банкарска гаранција	**Износ на школарина кој студентот ја уплаќа при запишување на студиската програма**	**Вкупен број на студенти запишани на високообразовна установа** (универзитет односно висока стручна школа)	**Број на студенти за кои се бара акредитација**
/	/	/	/

23. Податоци за наставниците кои можат да бидат ментори на магистерски труд на втор циклус на академски/стручни студии на студиската програма Просторно планирање.

[5] Пополнуваат приватни високообразовни установи и високи стручни школи

Табела 22. Преглед на наставници кои можат да бидат ментори на магистерски труд на втор циклус на студии

Ред. Бр.	**Име и презиме на наставникот**	**Научна област во која е избран**	**Наставно-научно, наставно или научно звање во кое е избиран наставникот**	**Научна област во која наставникот може да биде ментор на магистерски труд поврзана со научната област на студиската програма**
1.	Благоја Маркоски	Картографија (1.05.00.06)	Редовен професор	Картографија (1.05.00.06)
2.	Ристо Мијалов	Економска географија (1.05.00.04)	Редовен професор	Економска географија (1.05.00.04)
3.	Мирјанка Мацевиќ	Социјална географија (1.05.00.03)	Редовен професор	Социјална географија (1.05.00.03)
4.	Олгица Димитровска	Друго, Животна средина (1.05.00.09)	Редовен професор	Друго, Животна средина (1.05.00.09)
5.	Ивица Милевски	Физичка географија, (1.05.00.02)	Редовен професор	Физичка географија (1.05.00.02)
6.	Билјана Апостоловска Тошевска	Економска географија (1.05.00.04)	Редовен професор	Економска географија (1.05.00.04)
7.	Дејан Илиев	Друго, Просторно планирање (1.05.00.09)	Редовен професор	Друго, Просторно планирање (1.05.00.09)
8.	Милена Талеска	Економска географија (1.05.00.04)	Редовен професор	Економска географија (1.05.00.04)
9.	Свемир Горин	ГИС 1.05.00.06)	Редовен професор	ГИС (1.05.00.06)
10.	Иван Радевски	Физичка географија, (1.05.00.02)	Редовен професор	Физичка географија (1.05.00.02)
11.	Марија Љакоска	Социјална географија (1.05.00.03)	Вонреден професор	Социјална географија (1.05.00.03)
12.	Горан Китевски	Друго, Политичка географија (1.05.00.09)	Доцент	Друго, Политичка географија (1.05.00.09)
13.	Владимир Златаноски	Регионална географија (1.05.00.05)	Доцент	Регионална географија (1.05.00.05)
14.	Пеце Недановски	Друго, Економска теорија и применета економија (5.02.00.09)	Редовен професор	Друго, Економска теорија и применета економија (5.02.00.09)
15.	Милорад Јовановски	Геотехника (2.01.01.03)	Редовен професор	Геотехника (2.01.01.03)
16.	Игор Пешевски	Геотехника (2.01.01.03)	Редовен професор	Геотехника (2.01.01.03)

ДОКУМЕНТИ

1. Предлог Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на факултетот, наставничкиот совет на високата стручна школа или научниот совет на научниот институт член 110 и член 145 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Бр. 02-747/6
26.09.2025 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 178/21, 58/24 и 124/25) и член 68, став 1, точка 6 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019, 464/21 – анекс и 464/25 - анекс), Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 25.09.2025 година, по предлог од Институтот за географија при Факултетот, бр. 02-747/5 од 16.06.2025 година, како и врз основа на поднесениот предлог - елаборат за акредитација на студиска програма од втор циклус академски студии – постдипломски студии по *Просторно планирање* од страна на Комисијата за подготвување на елаборатот, ја донесе следната:

О Д Л У К А
за усвојување на студиска програма за втор циклус академски студии – постдипломски студии по *Просторно планирање*.

Член 1

Се усвојува Предлог - елаборатот за акредитација на студиската програма за втор циклус академски студии – постдипломски студии по *Просторно планирање* на Институтот за географија, во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје.

Член 2

Наставата од студиската програма од втор циклус академски студии – постдипломски студии по *Просторно планирање* ќе започне да се изведува по добивањето согласност од Одборот за акредитација на високото образование и по добивањето согласност за исполнување на условите за почеток со работа на студиската програма од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование на Република Северна Македонија.

Член 3

Одлуката да се достави до Ректорската управа и до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје заради усвојување на студиската програма од втор циклус академски студии – постдипломски студии по *Просторно планирање*.

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е Предлог-елаборатот на студиската програма по *Просторно планирање*.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ДЕКАН

Проф. д-р Даворин Трпески

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Ректорската управа/Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- Продеканот за наставни и студентски прашања;
- Институтот за географија при Факултетот;
- Одделението за студентски прашања;
- Секретарот на Факултетот и
- Раководителот на Одделението за општи и правни работи и библиотечно работење.

2. Одлука за усвојување на студиската програма од Универзитетскиот сенат, односно Советот на научната установа; член 94 и член 145 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018)

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	03.11.2025		
Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
02	- 7479		

Бр. 02-1251/8
31.10.2025 година
Скопје

Врз основа на член 94, став (1), точка 3 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025) и член 157, став 1, точка 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), по предлог на Наставно-научниот совет на **Природно-математичкиот факултет**, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 24. седница одржана на 31.10.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за усвојување на Елаборатот за студиската програма од втор циклус, едногодишни студии, по Просторно планирање на Природно-математичкиот факултет во Скопје

Член 1

Се усвојува Елаборатот за студиската програма од втор циклус, едногодишни студии, по **Просторно планирање** на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Член 2

Наставата од студиската програма од втор циклус, едногодишни студии по **Просторно планирање,** ќе започне да се изведува по добивањето согласност од Одборот за акредитација на високото образование и по добивањето согласност за исполнување на условите за почеток со работа на студиската програма од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование на Република Северна Македонија.

Член 3

Одлуката се доставува до предлагачот и до Одборот за акредитација на високото образование на натамошна постапка за акредитација на студиската програма.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетскиот гласник.*

Претседател на Универзитетскиот сенат

Проф. д-р Драги Димитриевски

3. Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 20.06.2025
Орг.един. | Број | Прилог | Вредност
02 | 1578 | 2

Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста

Врз основа на член 122 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.82/18), Одборот за соработка и доверба со јавноста на Природно-математичкиот факултетот при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата седница одржана на ден 19.06.2025 година го донесе следново:

М И С Л Е Њ Е

Се дава **позитивно** мислење за Елаборатот за студиската програма по

ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

на ВТОР циклус на академски студии-постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје

О б р а з л о ж е н и е

Одборот за соработка и доверба со јавноста на Природно-математичкиот факултет во Скопје го разгледа Елаборатот на студиската програма на втор циклус академски студии по **ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ** и донесе заклучок дека предложената Студиска програма е подобна за акредитација.
Поради сето тоа Одборот за соработка и доверба со јавноста на Природно-математичкиот факултет во Скопје го даде своето **ПОЗИТИВНО** мислење.

Скопје, 19.06.2025 г.

Место, ден, месец, година

Претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста на ПМФ

Доц. д-р Виктор Трајановски

Доставено до:
- Архивата на Природно-математички факултет, Скопје;
- Ректорска управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

4. Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 09.06.2025
Орг.един. | Број | Прилог | Вредност
02 | ср

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Благоја Маркоски, избран во звање редовен професор и вработен на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Тематска картографија
2. Инфраструктура

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 09.06.2025
Орг.един. | Број | Прилог | Вредност
02 | 01

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Ристо Мијалов, избран во звање редовен професор и вработен на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Примарни дејности во просторното планирање

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	09.06.2025		
Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
02	ср		

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Мирјанка Мацевиќ, избрана во звање редовен професор и вработена на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Урбани системи
2. Населбите во просторното планирање

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	09. 06. 2025		
Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
02	ср		

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Олгица Димитровска, избрана во звање редовен професор и вработена на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Географски компоненти на просторното планирање
2. Животната средина во просторното планирање

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	09.06.2025		
Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
02	02		

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Ивица Милевски, избран во звање редовен професор и вработен на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Процес на изработка на просторен план
2. Релјефот во просторното планирање

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	09.06.2025		
Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
02	СН		

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Билјана Апостоловска Тошевска, избрана во звање редовен професор и вработена на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Секундарни дејности во просторното планирање

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

Република Северна Македонија
Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	09.06.2025		
Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
02	СП		

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Дејан Илиев, избран во звање редовен професор и вработен на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Методологија на научно-истражувачка работа во просторното планирање
2. Просторно планирање: теории, концепти и практики

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 09.06.2025
Орг.един. | Број | Прилог | Вредност
02 | 01

ИЗЈАВА

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Милена Талеска, избрана во звање редовен професор и вработена на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Терцијарни дејности во просторното планирање

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Талеска

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 09.06.2025
Орг.един. | Број | Прилог | Вредност
02 | 01

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Свемир Горин, избран во звање редовен професор и вработен на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. ГИС во просторното планирање

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПМФ МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 09.06.2025
Орг.един. | Број | Прилог | Вредност
02 | 61

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Иван Радевски, избран во звање редовен професор и вработен на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Климата во просторното планирање
2. Водите во просторното планирање

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	09.06.2025		
Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
02	СЛ		

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Марија Љакоска, избрана во звање вонреден професор и вработена на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Населението во просторното планирање

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Марија

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	09.06.2025		
Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
02	сл		

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас доц. д-р Горан Китевски, избран во звање доцент и вработен на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Просторна политика на ЕУ

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Примено: 09. 06. 2025
Орг.един. | Број | Прилог | Вредност
02 | сл

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас доц. д-р Владимир Златаноски, избран во звање доцент и вработен на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Регионално планирање
2. Регионализација и регионален развој

Скопје, 20 мај 2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високото образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ
Примено: 24.06.2025

Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
02			

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Пеце Недановски, избран во звање редовен професор и вработен на Економскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Просторна економија

Скопје, 13 јуни 2025 год.

Подносител на изјава

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	24.06.2025		
Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
	02 СЛ		

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Милорад Јовановски, избран во звање редовен професор и вработен на Градежниот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Природни и антропогени непогоди во просторното планирање

Скопје, 16 јуни 2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република С. Македонија, бр. 82/2018) ја давам следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	24.06.2025		
Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
02	ск		

ИЗЈАВА

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по просторно планирање

Јас проф. д-р Игор Пешевски, избран во звање редовен професор и вработен на Градежниот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, по наставните предмети:

1. Природни и антропогени непогоди во просторното планирање

Скопје, 16 јуни 2025

Подносител на изјава

П. Игор

5. Согласност на Универзитетскиот сенат, односно Научниот советот за учество на наставникот во реализација на студиската програма на единица од друг Универзитетот (член 179 од Законот за високо образование, Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018)

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Економски факултет - Скопје

Бр. 02-1046/12 Дата. 03.06 2025 година

Врз основа на член 110 и 179 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18 и 178/21) и член 70 од Статутот на Економскиот факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр.444/2019 и 526/2020), Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 30. 5. 2025 година, ја донесе следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	12.6.2025		
Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
02	1045/1		

О Д Л У К А

Се дава согласност проф. д-р Пеце Недановски да биде вклучен во реализација на наставата по предметот Просторна економија.

Согласноста се дава за потребите на постапката за реакредитација на студиската програма од втор циклус по Просторно планирање која се изучува на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Природно-математички факултет – Скопје.

Оваа одлука да се достави до: Природно-математички факултет – Скопје, наставникот, архива и досие на седница.

Д Е К А Н

Изработил: Д.К.

Проф. д-р Предраг Трпески

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 110 ст.1 т. 21 и чл. 179 ст. 1 од Законот за високото образование (“Службен весник на РМ” бр. 82/2018) и член 55 став 1 точка 25 од Статутот на Градежниот факултет Скопје, (Универзитетски гласник бр. 441/2019), постапувајќи по Барање на Природно-математичкиот факултет - Скопје бр. 02-1045/3 од 28.4.2025 година, Наставно - научниот совет на Градежниот факултет во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје на 554. седница одржана на 25.6.2025 година, донесе

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	04.07.2025		
Орг.един.	Број	Прилог	Вредност
02	-1045/5		

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
02-21 Бр. 109-103
25-06-20 25 год.

О Д Л У К А
за согласност за учество во акредитација на студиска програма на Природно - математичкиот факултет - Скопје

1. Се дава согласност за учество во постапката за изготвување акредитација на студиската програма на втор циклус студии по *Просторно планирање*, на Природно - математичкиот факултет во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на **проф. д-р Милорад Јовановски и проф. д-р Игор Пешевски.**

Ангажманот се однесува на наставниот предмет *Природни и антропогени непогоди во просторното планирање,* кој се слуша во прв семестар, со фонд на часови 2+2 и 4 ЕКТС.

2. Условите и меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од точка 1 на оваа Одлука се уредуваат со меѓусебен договор.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Република Северна Македонија Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Д е к а н,
Проф. д-р Горан Марковски

Прилог:
- Прилог 3 и Прилог 4 од Образецот за елаборат за втор циклус студии
- Изјави за согласност од проф. д-р Милорад Јовановски и проф. д-р Игор Пешевски

Доставено до:
- Природно - математичкиот факултет - Скопје
- Продекани
- Ангажираните наставници
- Одд. за финансиско, сметков. и материјално работење
- Архива

ПРИЛОГ БР. 3

1. Предметни програми со информации согласно со членот 4 од Правилникот за содржина на студиските програми ("Службен весник на Република Македонија", бр.79/2023)

Прилог бр. 3		**Предметна програма од втор циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	МЕТОДОЛОГИЈА НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА ВО ПРОСТОРНОТО ПЛАНИРАЊЕ			
2.	Код	ГПП01			
3.	Студиска програма	Просторно планирање			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за географија, ПМФ - Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Втор			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	I
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Дејан Илиев			
9.	Јазик на којсе изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Запознавање со теоретските и методолошките пристапи во научно-истражувачката работа во просторното планирање. *Резултати од учењето: Стекнување на знаење и разбирање за разни теории и методологии во научно-истражувачката работа во просторното планирање. Студентите ќе добијат способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од просторното планирање, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа.*			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Теоретски основни, техника и методологија на просторното планирање. Научно-истражувачка работа: Научно-истражувачката работа како темел. Научно-истражувачката работа како рамка на просторното планирање.Просторот како предмет на анализа и синтеза. Анализа на просторните процеси. Основни методи. Примена на модели во просторното планирање.Примена на нови методи и модели во просторното планирање. Примена на модели во праксата на просторното планирање. Модели за планирање на системи. Алокациони модели. Гравитациони модели. Модели на оптимализација. *Резултати од учењеза поглавјето: Студентите ќе се стекнат со знаења за методите и моделите во научно-истражувачката работа во просторното планирање, како и со способност за прибирање, анализирање, синтетизирање, оценување и презентирање на информации, идеи, концепти, односно способност за интегрирање на целокупното знаење.*			
13	Заемна поврзаност на предметите	/			
14.	Детален опис на наставните и	Предавања, вежби, консултации, самостојно учење			

	работните методи за предметот			
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 = 180 часа во семестар		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	-
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	50
		17.2.	Самостојни задачи: часови	40
		17.3.	Домашно учење - задачи	30
18	Услови за потпис	Редовно следење на предавања и вежби		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови	70	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	30	
	19.3.	Завршен испит: бодови	-	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)	
		51 x до 60 бода	6 (шест) (E)	
		61 x до 70 бода	7 (седум) (D)	
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анонимни анкети, прашалници, отворени дискусии, статистичка обработка на постигнатите резултати по сите основи.		

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Silva. A. E., Healey, P., Harris, N., Van den Broeck, P.	The Routledge Handbook of Planning Research Methods	Routledge	2014
		2.	Burian, J.	Advances in spatial planning	InTech	2010
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Marinović-Uzelac, A.	Prostorno planiranje	Dom i svijet	2001
		2.	Зиков, М.	Просторно планирање: теорија и методологија	Зиков, М.	2012

Прилог бр. 3		**Предметна програма од втор циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ: ТЕОРИИ, КОНЦЕПТИ И ПРАКТИКИ
2.	Код	ГПП02
3.	Студиска програма	Просторно планирање
4.	Организатор на студиската	Институт за географија, ПМФ - Скопје

	програма (единица, односно институт, катедра, оддел)				
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Втор			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	I
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Дејан Илиев			
9.	Јазик на којсе изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Проучување на просторот на човековото живеење и развојот кој се одвива вопросторот. Проучување на теоријата и праксата за познавање на физичката средина и создадените ресурси врз основа на кои се определуват оптимални правци за развојот во иднина и проучување на методологијата како се изготвува просторен план.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Општо за просторот и просторното планирање**(Општо за просторот. Категоризации на просторот. План и планирање. Просторно планирање. Просторен план. Просторниот план како стручно планска основа. Просторот како ресурс. Суштина и карактер на просторното планирање. Предмет, цели и задачи на просторното планирање. Основни принципи на просторното планирање. Систем на просторот и просторни системи. Од мултидисциплинарен кон интердисциплинарен и трансдисциплинарен приод во просторното планирање. Поврзаноста на просторното планирање со географијата и со други науки. Приоритети во просторот).*Резултатиод учењеза поглавјето:Стекнување на општи знаења од областа на просторното планирање преку која се обезбедува една интегрирана глобална перспектива за просторно планските процеси, со што на студентите им се овозможува да развијат широчина и длабочина во разбирање на современите процеси.* **Појава и развој на просторното планирање** (Историски развиток. Развиток на просторното планирање во развиените земји. Групирање на гледиштата во врска со планирањето на територијата. Развиток на просторното планирање кај нас). *Резултати од учењеза поглавјето: Стекнување на знаења и компарација на развојот на просторното планирање помеѓу развиените земји и нашата држава.* **Доктрини, модели, концепти и теории суштествени за просторното планирање**(Општо за доктрините. Доктрина на нееднаков регионален развој. Модел на економски сектори. Модел на стадуми на развој. Модел на експортна база. Модел на регионални мултипликатори. Теорија на поларизиран развој. Концепт на кружна кумулативна каузалност. Теорија на полови на развој. Концепт на индустриски комплекс. Концепт на поларизирани региони. Концепт на центри на развој. Оски на развој. Концепт на деполаризација. Значењето на			

		градот во процесот на развојот. Индопол – концепт. Нови доктрини за просторното планирање. *Резултатиод учењеза поглавјето:Стекнување на знаење и разбирање за разни теории и концепти.Студентите ќе добијат способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од просторното планирање, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа.* **Фактори на развојот релевантни за просторното планирање** (Географска и геопрометна положба. Геоморфолошки аспекти во просторното планирање. Геолошки и инженерско-геолошки карактеристики. Сеизмичност. Климата како фактор за организација и уредување на просторот. Хидрографско-хидролошки фактори и услови во просторното планирање. Третман на педолошките карактеристики. Анализа на флората и фауната. Синтензна обработка на физичките услови. Населението како фактор на развојот. Населението како фактор во просторното планирање. Модели на просторна организација на населението. Видови модели. Населбите како фактор на развојот. Систем на од населби. Класификација на градските населби. Меѓусебен однос на населбите. Инфраструктурата како фактор на развојот. Материјална инфраструктура – Просторно-плански карактеристики. Сообраќајна инфраструктура. Комуникациона инфраструктура. Енергетска инфраструктура. Водна инфраструктура. Институционална инфраструктура. Објекти на нестопанските дејности и нивната просторна сместеност. Воспитание и образование. Здравство и социјални грижи. Наука и култура. Општествени и јавни објекти. Дом и домување. *Резултатиод учењеза поглавјето:Студентите ќе се стекнат со знаења од областите природно-географските, општествено - економските, техничките вредности, кои играат голема улога во креирањето на просторот, а сотоа ќе стекнат разбирање за комплексноста и интердисциплинарноста на просторното планирање како научна дисциплина.* **Современи општествено-економски процеси во просторот** (Третман на општественото богатство во просторното планирање. Улога на географската разместеност на производните капацитети во просторното планирање. Третман на примарниот сектор на активности. Индустрија и индустријализација. Деаграризација. Третман на терцијарниот сектор на активности. Урбанизација. Урбанизацијата како трансформативен и развоен просторен процес. Демографски текови на урбанизацијата – карактеристики и значење. Функционална компонента на урбанизацијата – карактеристики и значење. Просторно-физички текови на урбанизацијата – карактеристики и значење. Интерактивен однос помеѓу индустријализацијата, урбанизацијата и деаграризацијата. Заштита на животната средина во просторното планирање). *Резултатиод учењеза поглавјето:Студентите ќе се стекнат со знаења за примарниот, секундарниот и терцијерниот*

		сектор и нивниот третман во просторното планирање, како и знаења за трансформативните процеси и последиците од урбанизацијата во просторот. **Регионализација** (Општо за поимот регион и регионализација. Изведување на регионализацијата. Типови на региони. Хомогени (нодални, униформни) региони. Нодални (функционални) региони. Нод (јазол). Нодално поле. Диференцирање на градот и околината. Плански региони. Структурни региони. Квалитативни региони. Динамични региони. Просторни региони). *Резултатиод учењеза поглавјето: Студентите ќе се стекнат со знаења поврзани со процесот на регионализација и неговата улога во општествено-економскиот развој.* **Техника и методологија на просторното планирање** (Покренување на иницијатива за изработка на просторен план. Методологија на просторното планирање. Логанска анализа. Основни методи. Примена на модели во просторното планирање. Утврдување на критериуми (нормативи, стандарди). Компоненти на просторното планирање. Научно-истражувачка работа. Научно-истражувачката работа како темел. Научно-истражувачката работа како рамка на просторното планирање. Работен тим. Содржина на просторниот план. Фази за изработка на планот. Основна логичка шема на планирањето (светски искуства). Процес на планирање (технологија). Фаза на анализа. Фаза на валоризација. Фаза на хипотези. Фаза на изработка на алтернативи. Фаза на синтеза и композиција на планот. Усвојување на просторниот план. Реализација на планот. Просторен информационен систем). *Резултатиод учењеза поглавјето:Студентите ќе се стекнат со знаења за техниката, процесот на планирање и изработка на просторен план, како и со способност за прибирање, анализирање, синтетизирање, оценување и презентирање на информации, идеи, концепти, односно способност за интегрирање на целокупното знаење.* **Видови на просторни планови и програми** (Правно-регулирање на просторно-планската и урбанистичката дејност. Видови на просторни планови и програми. Законско регулирање на просторно-планската и урбанистичката дејност во некои европски земји и кај нас). *Резултатиод учењеза поглавјето: Студентите ќе се стекнат со знаења повразни со законската регулатива на просторно-планската дејност, како и способност да ги разликуваат и толкуваат видовите на просторни планови и програми.* **Локациски фактори и нивните просторно-плански карактеристики** (Локациони фактори. Значењето на теориите за локацијата во склоп на просторното планирање). *Резултатиод учењеза поглавјето: Студентите ќе се стекнат со знаење за локациските фактори кои имаат најголемо значење за рационалното користење на просторот и неговите ресурси, но и огромно значење за добра организација на градовите и регионите.*

		Улогата и значењето на географијата во просторното планирање.*Резултатиод учењеза поглавјето: Стекнување на знаaења за поврзаноста на географијата и просторното планирање каде што врските се повеќе струки.* **За просторното планирање и просторниот развој на Европа** (Нова политика за просторното уредување во Европа. Интеграцијата во Европа. Патот на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ. Институционална поставеност на Унијата. Институционална поставеност на просторното планирање во ЕУ. Перспектива за просторен развој на Европа (ESDP). Водечки принципи за одржлив просторен развој на европскиот континент. Регионални иницијативи (ESTIA и OSPE)и вклученоста на Република Македонија во нив. Одржлив развој во однос на просторот и населбите. Градовите и одржливиот развој. Јавното добро и просторното планирање. Европска урбанистичка повелба. Европските градови и урбаниот развој. Локалната самоуправа и просторното планирање). *Резултатиод учењеза поглавјето: Стекнување на знаења поврзни со улогата и значењето на просторното планирање во Европската Унија.*		
13	Заемна поврзаност на предметите	/		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Предавања, вежби, консултации, самостојно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТСх 30 = 180 часа во семестар		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	-
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	50
		17.2.	Самостојни задачи: часови	40
		17.3.	Домашно учење - задачи	30
18	Услови за потпис	Редовно следење на предавања и вежби		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		70
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		30
	19.3.	Завршен испит: бодови		-
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анонимни анкети, прашалници, отворени дискусии, статистичка обработка на постигнатите резултати по сите основи.		
22.	Литература			
	22.1.	Задолжителна литература		

		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Зиков, М.	Просторно планирање: теорија и методологија	Зиков, М.	2012
		2.	Marinović-Uzelac, A.	Prostorno planiranje	Dom i svijet	2001
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Silva. A. E., Healey, P., Harris, N., Van den Broeck, P.	The Routledge Handbook of Planning Research Methods	Routledge	2014
		2.	Burian, J.	Advances in spatial planning	InTech	2010

Прилог бр. 3		**Предметна програма од втор циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПРОСТОРЕН ПЛАН			
2.	Код	ГПП03			
3.	Студиска програма	Просторно планирање			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за географија, ПМФ - Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Втор			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	I
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ивица Милевски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Стекнување напредни знаења и практични вештини за разбирање, моделирање и управување со процесот на подготовка и изработка на просторни планови на различни нивоа (национално, регионално, локално). По завршување на предметот, студентите ќе можат да: • Објаснат фази и правни рамки во процесот на изработка на просторен план, • Соберат и анализираат просторни податоци за потребите на планирање, • Формулираат визија, цели и концепти на просторно уредување, • Изработат просторни сценарија со примена на ГИС, моделирање и консултативен процес, • Подготват плански документи според методолошки и законски барања.			
12.	Детална содржина на	Вовед во просторниот план: дефиниции, видови, улога во			

	предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	просторниот развој. Законска и институционална рамка за просторно планирање (национално и ЕУ ниво). Преглед на типови планови: просторен / урбанистички план, хиерархија на документи. Процесот на изработка: фази, актери, улоги, временска рамка. Почетна анализа: собирање просторни податоци (DEM, земјиште, население, економија). SWOT анализа и идентификација на главни проблеми и потенцијали. Формулирање на визија, цели и концептуална рамка за развој. Просторни сценарија: алтернативи, развојни модели, симулации. Методологија на зонирање, просторно моделирање, класификации. GIS алатки и дигитализација во подготовка на планот. Вклучување на јавноста и институциите: консултативен процес и јавни расправи. Пристапи за интеграција на заштита на животна средина, ризици и одржливост. Структура и содржина на просторен план: текстуален и графички дел. Презентација, усвојување и имплементација на планскиот документ. Презентација на студентски мини-планови / студии на случај.			
13	Заемна поврзаност на предметите	Широка поврзаност со останати предмети од значење за просторното планирање			
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Монолошка метода, интерактивна метода, визуелна-мултимедијална (прикажување на анимации, документарни емисии и презентации), теренска настава-набљудување на појавите на терен			
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часа = 180 часа			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30	
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	20	
		16.3.	Пракса: часови	20	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	20	
		17.3.	Домашно учење - задачи	60	
18	Услови за потпис	Присуство на предавања и вежби			
19	Начин на оценување				
	19.1.	Тестови: бодови		2 x 40	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		20	
	19.3.	Завршен испит: бодови		80	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)	
			51 x до 60 бода	6 (шест) (E)	
			61 x до 70 бода	7 (седум) (D)	
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анкета			
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Steiner, F.	The Living Landscape: An Ecological Approach to Landscape Planning	Island Press	2014
		2.	Група автори	Методологија за изработка на просторен план	Агенција за планирање на просторот на РСМ	2025
		3.	Група автори	Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија	Собрание на РМ	2004
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Alexander, E.	Evaluation in Planning: Evolution and Prospects	John Wiley & Sons	2006

Прилог бр. 3		**Предметна програма од втор циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ГЕОГРАФСКИ КОМПОНЕНТИ НА ПРОСТОРНОТО ПЛАНИРАЊЕ			
2.	Код	ГПП04			
3.	Студиска програма	Просторно планирање			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за географија, ПМФ - Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	втор			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	I
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Олгица Димитровска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	нема			
